

# ЕТИКАТА ВО ПРАКТИКА

# Анализа на Етичкиот кодекс на Македонската радио-телевизија и насоки за негово унапредување

Септември, 2026

**Наслов:**
Етиката во практика

Анализа на Етичкиот кодекс на Македонската радио-телевизија и насоки за негово унапредување

**Автор:**
вон. проф. д-р Марина Тунева

**Стручна редакција:**
Билјана Петковска
д-р Драган Секуловски

Скопје, септември 2026

Здружение на новинарите на Македонија

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

Оваа анализа е подготвена во рамки на проектот „Јакнење на етичките стандарди за поголема доверба во медиумите", што го спроведуваат Здружението на новинарите на Македонија и Македонскиот институт за медиуми, со финансиска поддршка од Владата на Швајцарија преку Цивика мобилитас.

Содржината на анализата е единствена одговорност на МИМ и ЗНМ и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Владата на Швајцарија, Цивика мобилитас, или организациите што ја спроведуваат.

CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **Извршно резиме** | 4 |
| **1. Контекст, цел и опфат на анализата** | 5 |
| 1.1. Контекст | 5 |
| 1.2. Цел и намена на анализата | 6 |
| 1.3. Истражувачки цели | 6 |
| 1.4. Опфат и граници на анализата | 7 |
| **2. Методолошки пристап** | 7 |
| 2.1. Пристап и извори | 7 |
| 2.2. Интервјуа | 8 |
| **3. Клучни прашања во поставеноста и примената на Етичкиот кодекс на МРТ** | 8 |
| 3.1. Концепт, опфат и внатрешна поставеност на Кодексот | 8 |
| 3.2. Професионални стандарди и нивна практична применливост | 10 |
| 3.3. Уредувачка независност, професионален интегритет и одговорност | 11 |
| 3.4. Етичката комисија и механизмите за примена на Кодексот | 12 |
| 3.5. Поплаки и отчетност кон публиката | 13 |
| 3.6. Примена на професионалните стандарди во дигиталната средина | 14 |
| 3.7. Повеќејазичност, редакциска различност и заеднички професионални стандарди | 15 |
| 3.8. Изборното известување како област за посебна практична разработка | 16 |
| **4. Компаративна анализа на етичките и уредувачките рамки - релевантни регионални и европски искуства** | 17 |
| 4.1. Поставеност на етичката рамка: од вредности до практична примена | 17 |
| 4.2. Од правила до примена: професионално советување и отчетност кон публиката | 19 |
| 4.3. Заеднички стандарди во повеќејазична и дигитална средина | 20 |
| **5. Клучни наоди од анализата** | 22 |
| **6. Препораки** | 24 |
| **7. Следна институционална фаза** | 27 |
| **Прилог 1. Спроведени интервјуа** | 29 |
| **Извори и користена литература** | 30 |

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Оваа анализа ја оценува етичката рамка на Македонската радио-телевизија (МРТ) од аспект на нејзината содржина, практична применливост и институционална поддршка. Во фокусот е прашањето дали Етичкиот кодекс обезбедува доволно јасна и функционална основа за професионално, независно и отчетно работење на МРТ во современа повеќејазична медиумска средина во која содржините се создаваат и објавуваат на различни платформи.

Проценката ја поврзува анализата на Кодексот и другите релевантни документи на МРТ со сознанијата од интервјуата, актуелните домашни професионални и истражувачки извори и компаративниот преглед на избрани регионални и европски јавни медиумски сервиси. Посебно се разгледуваат практичните уредувачки насоки, механизмите за советување и одлучување, отчетноста кон публиката, примената на заедничките стандарди во повеќејазична средина и новите прашања поврзани со дигиталните платформи и вештачката интелигенција (ВИ).

Анализата покажува дека Кодексот содржи значајна професионална основа и опфаќа голем дел од клучните стандарди за точност, непристрасност, независност, интегритет, приватност, достоинство и одговорност. Главниот предизвик не е отсуството на основни етички правила, туку нивната поставеност во документ што истовремено уредува професионална етика, конкретно новинарско и уредувачко постапување, организациско однесување и прашања поврзани со работната и дисциплинската одговорност. Овие функции се меѓусебно поврзани, но имаат различна природа и не треба да се регулираат на ист начин.

Посебно значење има практичната примена на професионалните стандарди. Постоечките гаранции за уредувачка и професионална автономија треба да се зачуваат и дополнително да се поддржат со јасни механизми за професионално советување, вклучително и во ситуации кога новинарот смета дека одреден налог е спротивен на професионалните и етичките стандарди. Потребна е и посилна превентивна и советодавна улога на Етичката комисија, поголема транспарентност на нејзината работа и појасен и лесно достапен систем за реакции и поплаки од публиката.

Заедничките професионални стандарди треба доследно да важат во сите јазични сервиси и на сите платформи, со еднаков пристап до насоки, обуки, професионално советување и други ресурси. Основните етички принципи треба да бидат стабилна професионална основа, а правилата за дигиталните платформи и ВИ да се разработуваат преку практични насоки што полесно се ажурираат.

Вкупните наоди даваат основа следната институционална фаза да се насочи кон подготовка на нов, пократок и појасно профилиран Етички кодекс што ќе ја зачува релевантната професионална основа на постоечкиот документ, но ќе ја разграничи професионалната етика од работните и дисциплинските прашања. Новиот Кодекс треба да биде дел од пошироко рамка со практични насоки, јасни механизми за советување, функционална Етичка комисија и достапен систем за поплаки од публиката.

# 1. КОНТЕКСТ, ЦЕЛ И ОПФАТ НА АНАЛИЗАТА

## 1.1. КОНТЕКСТ

Македонската радио-телевизија, како јавен радиодифузен сервис, има посебна одговорност да обезбедува вистинито, целосно, непристрасно и навремено информирање, плурализам на гледишта, културна и јазична разновидност и содржини што одговараат на различните потреби на јавноста[1]. Оваа улога претпоставува почитување на професионалните стандарди, независно и одговорно уредувачко одлучување и отчетност кон публиката.

Овие обврски МРТ ги остварува преку радио, телевизија и дигитални платформи и во рамки на повеќејазична програмска структура. Затоа, заедничките професионални стандарди треба доследно да се применуваат во различните јазични, програмски и уредувачки контексти.

Актуелниот Етички кодекс на МРТ е објавен во март 2017 година како Кодекс за новинарите, креативните кадри и сите вработени во МРТ[2]. Тој се надоврзува на рамката од 2015 година, но содржи измени во опфатот и во дел од институционалните и процедуралните решенија. Поради тоа, Кодексот од 2017 година е основната референтна верзија во оваа анализа.

Кодексот во ист документ ги поврзува професионалните и етичките стандарди со правила за однесувањето на вработените и со прашања поврзани со работната одговорност. Разграничувањето на овие функции е едно од централните прашања на анализата.

Потребата од преиспитување на етичката рамка е препознаена и во МРТ. Во расправата на Програмскиот совет во февруари 2026 година[3], биле отворени прашања поврзани со Кодексот, Етичката комисија, поплаките, транспарентноста, уредувачката автономија, дигиталниот развој и употребата на ВИ. Унапредувањето на професионалните и етичките стандарди и проактивната улога на етичките механизми беа вклучени и меѓу приоритетите за натамошниот развој на МРТ[4].

На потребата од промени укажуваат и поновите домашни професионални извори. Извештајот на ЗНМ за медиумските слободи и безбедноста на новинарите за 2025 година[5] го издвојува мешањето на новинарската етика со работната дисциплина како еден од недостатоците на постоечката рамка и укажува на потребата од појасни процедури за поплаки и поголема видливост на работата на Етичката комисија. Во истиот извештај се укажува

1 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членови 110 и 111. Достапно на: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - АВМУ

2 Македонска радио-телевизија, Етички кодекс на МРТ за новинарите, креативните кадри и за сите вработени во МРТ, 8 март 2017 година.

3 Програмски совет на Македонската радио-телевизија, Записник од 31-та седница на Програмскиот совет на МРТ, 20 февруари 2026 година.

4 Програмски совет на Македонската радио-телевизија, Записник од 43-та седница на Програмскиот совет на МРТ, 12 мај 2026 година.

5 Спировски, Милан, Тодоровска-Костовска, Верче. Северна Македонија - Индикатори за степенот на слободата на медиумите и Индекс на безбедноста на новинарите 2025. Здружение на новинарите на Македонија, Скопје, 2026 година.

и на потребата процедурите за поднесување поплаки и начинот на работа на Етичката комисија да бидат појасно уредени и видливи за јавноста.

Во овој контекст, преиспитувањето на Кодексот не треба да се сведе на додавање нови теми, туку да ги опфати неговата структура, практичната применливост, механизмите за професионална поддршка и отчетност и функционирањето на рамката во повеќејазична и дигитална средина.

## 1.2. ЦЕЛ И НАМЕНА НА АНАЛИЗАТА

Целта на анализата е да обезбеди систематска и професионално аргументирана проценка на Етичкиот кодекс на МРТ и на механизмите поврзани со неговата примена. Се оценува дали постоечката рамка обезбедува јасна професионална основа, практична ориентација при уредувачкото одлучување и доследна примена на стандардите во различните програмски, јазични и платформски средини на МРТ.

Анализата ги идентификува професионалните стандарди што треба да се зачуваат, областите што бараат дополнителна разработка и прашањата што посоодветно треба да се уредуваат преку практични насоки или други интерни акти.

Анализата е подготвена во периодот јули - август 2026 година, во рамките на процес координиран од Македонскиот институт за медиуми и Здружението на новинарите на Македонија, во соработка со Програмскиот совет на МРТ. Таа не подготвува нормативен текст на нов Кодекс, туку обезбедува стручна и аналитичка основа и препораки за следната институционална фаза. Препораките ги определуваат приоритетните насоки за унапредување на етичката рамка, додека одлуките за конкретната содржина, постапката за подготовка и усвојувањето на идниот Кодекс остануваат во надлежност на МРТ.

## 1.3. ИСТРАЖУВАЧКИ ЦЕЛИ

Истражувачките цели на анализата се следниве:

- да ја оцени содржината, структурата, практичната применливост на Етичкиот кодекс и механизмите за негова примена;
- да ги идентификува професионалните стандарди што треба да се зачуваат, областите што бараат дополнителна разработка и прашањата што посоодветно треба да се уредуваат преку други интерни акти;
- да ја испита примената на заедничките професионални стандарди во телевизиските, радио, дигиталните и различните јазични сервиси;
- да ги спореди домашните професионални и институционални сознанија со релевантни регионални и европски искуства;
- да формулира приоритетни препораки за следната институционална фаза.

## 1.4. ОПФАТ И ГРАНИЦИ НА АНАЛИЗАТА

Во фокусот на анализата е Етичкиот кодекс на МРТ, разгледан од аспект на неговата содржина и структура, практичната применливост на професионалните стандарди и институционалните механизми поврзани со нивната примена.

Другите официјални и интерни акти на МРТ се земаат предвид кога е потребно да се утврди дали одредено прашање треба да биде дел од Етичкиот кодекс или посоодветно да се уредува со друг инструмент. Ова е особено релевантно за работните односи и дисциплинската одговорност, изборното известување, комерцијалните содржини и други области за кои постојат или може да се развиваат посебни правила и насоки.

Анализата не претставува правна или нормативна ревизија на секој член од Кодексот поединечно. Одделни одредби се разгледуваат кога се потребни за идентификување поширок структурен, професионален или институционален проблем. Организациските, кадровските, финансиските и техничките услови се земаат предвид само кога непосредно влијаат врз примената на професионалните стандарди.

Компаративниот преглед опфаќа избрани јавни медиумски сервиси и професионални рамки според нивната релевантност за прашањата идентификувани во анализата. Странските примери не се третираат како готови модели за директно преземање, туку како основа за споредба на различни професионални и институционални решенија.

# 2. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

## 2.1. ПРИСТАП И ИЗВОРИ

Анализата се заснова на квалитативен пристап што поврзува анализа на документи, полуструктурирани интервјуа и тематска компаративна анализа. Етичката рамка на МРТ се разгледува според нејзината содржина, практичната применливост и механизмите за примена.

Основен извор е Етичкиот кодекс на МРТ од 2017 година. Анализирани се и Статутот и други релевантни акти на МРТ, материјали на Програмскиот совет, претходни експертски проценки, домашни професионални и истражувачки извори и релевантни европски стандарди. Кодексот на новинарите на Македонија од 2026 година се користи како актуелна домашна референтна точка за развојот на професионалните стандарди. Меѓу изворите е и експертската проценка на рамката на МРТ изработена во 2023 година како дел од проектот на Европската Унија *EU for Freedom of Expression: Alignment of National Media Legislation with EU Acquis and Media Standards*[6], чии наоди се разгледуваат во однос на поновите извори и актуелната состојба.

6 Kevin, Deirdre; Sekulovski, Dragan; Trpevska, Snezana. Review of the Legislative Framework of the Public Service Broadcaster MRT Regarding the Role, Remit, Independence and Funding with Reference to EU Acquis and European Media Standards and Practice. Pohl Consulting & Associates, July 2023, подготвено во рамките на проектот EU for Freedom of Expression: Alignment of National Media Legislation with EU Acquis and Media Standards. Материјал обезбеден за потребите на анализата.

Компаративниот примерок е избран според релевантноста за прашањата опфатени со анализата и ги вклучува BBC од Обединетото Кралство, Yle од Финска, SRG SSR од Швајцарија, RAI од Италија, RTV Slovenija и HRT од Хрватска. За одделни прашања се користат и дополнителни регионални примери, а за дигиталната и ВИ - димензијата и заедничкиот Кодекс за ВИ на ARD, ZDF, Deutschlandradio и Deutsche Welle. Целта не е утврдување единствен европски модел, туку споредба на различни решенија за професионални насоки, советување, отчетност кон публиката, повеќејазична примена и дигитални предизвици.

### 2.2. ИНТЕРВЈУА

Во рамките на анализата беа спроведени полуструктурирани интервјуа со целно избрани соговорници релевантни за примената, следењето и развојот на професионалните и етичките стандарди. Изборот опфаќа перспективи од уредувачката практика во радиото и телевизијата, различните јазични сервиси, внатрешните етички механизми, Програмскиот совет, професионалните новинарски организации, медиумската саморегулација и експертската јавност.

Институционалната перспектива на Програмскиот совет е разгледана преку неговите официјални документи и преку заедничко интервју со претставници на Советот, спроведено на 24 август 2026 година. Ставовите од интервјуто се разграничуваат од формално усвоените позиции содржани во актите и записниците на Советот.

Изборот на соговорници нема цел да обезбеди статистичка репрезентативност, туку релевантни професионални сознанија. Интервјуата се анализирани тематски и се разгледуваат заедно со документарните, домашните професионални и компаративните извори, со јасно разграничување меѓу факти, ставови на соговорниците, компаративни сознанија и аналитички оценки.

## 3. КЛУЧНИ ПРАШАЊА ВО ПОСТАВЕНОСТА И ПРИМЕНАТА НА ЕТИЧКИОТ КОДЕКС НА МРТ

Ова поглавје ги разгледува клучните прашања што произлегуваат од структурата, содржината и примената на Етичкиот кодекс на МРТ. Одредбите не се оценуваат изолирано, туку според нивната функција и значењето за професионалното одлучување, уредувачката независност, етичката одговорност и односот со публиката.

### 3.1 КОНЦЕПТ, ОПФАТ И ВНАТРЕШНА ПОСТАВЕНОСТ НА КОДЕКСОТ

Етичкиот кодекс на МРТ има широк содржински и персонален опфат. Покрај професионалните стандарди за новинарската и уредувачката работа, тој уредува однесување на

работното место, јавни настапи, политичко ангажирање, судир на интереси, дополнителни ангажмани и други обврски поврзани со статусот на вработен, како и постапки за утврдување повреди на Кодексот. Неговата примена не е ограничена на новинарите, уредниците и креативните кадри, туку се однесува на сите вработени и на поширок круг ангажирани лица во МРТ. Ваквиот опфат го проширува Кодексот надвор од неговата примарна професионално - етичка функција. Од аспект на неговата намена, тежиштето треба да биде на професионалните стандарди за лицата што учествуваат во создавањето, уредувањето и објавувањето на програмските содржини, додека општите права, обврски и правила на однесување на вработените посоодветно се уредуваат со други интерни акти.

Овие области се меѓусебно поврзани, но немаат иста функција. Дел од одредбите претставуваат основни професионални и етички стандарди, други разработуваат конкретни редакциски ситуации, а трети се однесуваат на работното однесување, организациските обврски и дисциплинската одговорност. Кога овие нивоа не се доволно разграничени, Кодексот станува потежок за користење како непосредна професионална референца.

Основните професионални стандарди треба да обезбедуваат стабилна основа за одлучување, додека практичните уредувачки правила можат да се разработуваат преку насоки што полесно се приспособуваат кон промените во медиумската практика. Прашањата поврзани со работните права и обврски и дисциплинската одговорност имаат поинаква функција и треба да се поврзат со соодветните правни и интерни акти. Самиот Кодекс веќе предвидува можност одделни прашања дополнително да се разработуваат преку упатства, правила, правилници и одлуки.

На истиот структурен проблем укажува експертскиот преглед од 2023 година, кој го проблематизира поврзувањето на професионалната етика со прашањата од работните односи и препорачува нивно појасно раздвојување и развивање посебни уредувачки и продукциски насоки[7]. Анализата на МИМ за медиумската саморегулација[8], исто така, го издвојува мешањето на новинарската етика со работната дисциплина и обврските од работниот однос како ограничување на практичната применливост на Кодексот.

Интервјуата спроведени за оваа анализа ја потврдуваат потребата од појасна и попрактична рамка, со зачувување на релевантната професионална основа. Претставниците на Програмскиот совет како важни насоки ги посочија практичната применливост, усогласувањето со поновите професионални стандарди и појасното одвојување на прашањата поврзани со односите на работното место.

Оттука, централниот структурен проблем не е недостигот на основни професионални стандарди, туку обединувањето во еден документ на правила со различна функција. Нивното појасно разграничување е предуслов за пократка, појасна и поприменлива етичка рамка.

7 Kevin, Deirdre; Sekulovski, Dragan; Trpevska, Snezana. Review of the Legislative Framework of the Public Service Broadcaster MRT Regarding the Role, Remit, Independence and Funding with Reference to EU Acquis and European Media Standards and Practice. Pohl Consulting & Associates, July 2023, section 8.2, "Ethical Code and Principles". Материјал обезбеден за потребите на анализата.

8 Тунева, Марина; Никодиноска, Весна. Неопходно зајакнување на механизмите и унапредување на ефективноста: Медиумската саморегулација во Северна Македонија. Македонски институт за медиуми; Фондација „Медиацентар", Сараево, Скопје, јули 2023 година.

## 3.2. ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ И НИВНА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНЛИВОСТ

Етичкиот кодекс на МРТ опфаќа значаен дел од основните области на новинарската и уредувачката етика, меѓу кои точноста и проверката на информациите, односот кон изворите, непристрасноста, приватноста, достоинството, заштитата на ранливите категории и професионалната одговорност. Оттука, Кодексот обезбедува релевантна професионална основа што во голем дел останува применлива.

Практичната вредност на етичката рамка, сепак, зависи и од тоа дали новинарите и уредниците имаат доволно јасна ориентација во ситуации во кои треба да се одмерат различни професионални обврски. Такви дилеми се јавуваат при одмерување на јавниот интерес и приватноста, работа со доверливи извори, примената на непристрасноста во сложени општествени и политички ситуации, исправките по објавувањето и известувањето за лица и групи во ранлива положба.

Кодексот во дел од овие области утврдува јасни принципи, но не ги надополнува секогаш со практични насоки или со можност за професионално советување кога примената бара посложено расудување. Тоа не значи дека етичкиот кодекс треба однапред да предвиди решение за секоја ситуација, туку дека основните принципи треба да бидат поврзани со механизми што ја олеснуваат нивната практична примена.

Како што споменавме претходно, важна актуелна домашна референтна точка е Кодексот на новинарите на Македонија од 2026 година. Тој ги задржува основните професионални принципи, но попрецизно разработува одделни прашања од современата медиумска практика, меѓу кои исправките и измените на објавените содржини, односот меѓу насловот, визуелното претставување и содржината, судирот на интереси, политичкото известување, тајното снимање и професионалната одговорност при употребата на ВИ.

Ова не подразбира механичко преземање на неговите одредби. Етичката рамка на МРТ треба да ги поврзе општите професионални стандарди со специфичната одговорност на јавниот медиумски сервис, вклучувајќи ја уредувачката независност, отчетноста кон публиката и доследната примена на заедничките стандарди во различните програмски, јазични и платформски средини.

Оттука, приоритетот не е постојано додавање нови правила во Кодексот. Основните етички стандарди треба да го сочинуваат неговото стабилно јадро, а прашањата што бараат подетална или почесто ажурирана разработка да се уредуваат преку практични насоки што се лесно достапни и применливи во секојдневната редакциска работа.

## 3.3 УРЕДУВАЧКА НЕЗАВИСНОСТ, ПРОФЕСИОНАЛЕН ИНТЕГРИТЕТ И ОДГОВОРНОСТ

Кодексот ја поставува уредувачката независност како еден од темелите на професионалното постапување во МРТ. Тој ја нагласува независноста од институционални и политички влијанија, ја забранува цензурата и бара професионалност, непристрасност и избегнување судир на интереси. Истовремено, ги уредува лојалноста кон МРТ и односот меѓу новинарите и уредниците, поради што е важно јасно да се разграничи професионалната автономија од организациската и хиерархиската одговорност.

Членовите 68 - 71 содржат значајни гаранции за професионалната автономија. Уредничката интервенција е ограничена со професионалните и етичките стандарди, а член 69 му дава право на новинарот да одбие налог кога смета дека неговото извршување би било спротивно на уредувачката политика на МРТ, Кодексот, другите професионални и етички стандарди или законот.

Ова право треба да се зачува и дополнително да се зајакне со јасна постапка за негово практично користење. Треба да биде определено кому може да се обрати новинарот кога постои несогласување со уредувачки налог, кога се бара дополнително професионално или етичко мислење и како се разрешува спорната ситуација. Оправданото одбивање налог поради професионални и етички причини не треба само по себе да доведува до негативни работни или дисциплински последици.

Потребата од ваков механизам е особено важна во ситуации во кои нема очигледна повреда на правило, туку различно професионално толкување или конфликт меѓу уредувачката хиерархија и професионалната проценка. Етичката дилема треба да може да се разгледа навреме, пред да прерасне во постапка за утврдување повреда на Кодексот.

Кодексот на новинарите на Македонија од 2026 година дополнително го потврдува овој принцип, утврдувајќи дека новинарот има право да одбие работна задача спротивна на принципите на Кодексот. И Глобалната повелба за етика на новинарите на Меѓународната федерација на новинари утврдува дека новинарот не може да биде принуден на професионален чин спротивен на неговото професионално убедување или совест[9].

Прашањата на институционалната независност на МРТ, како управувањето, именувањата и финансирањето, имаат непосредно влијание врз медиумската независност, но не можат да се решаваат преку Етичкиот кодекс. Неговата функција е да обезбеди професионални гаранции и практични механизми што ја поддржуваат независноста во секојдневното новинарско и уредувачко одлучување.

9 International Federation of Journalists. Global Charter of Ethics for Journalists. Член 15, 2019.

## 3.4 ЕТИЧКАТА КОМИСИЈА И МЕХАНИЗМИТЕ ЗА ПРИМЕНА НА КОДЕКСОТ

Кодексот од 2017 година ја воспоставува Етичката комисија како внатрешен механизам за постапување при можни повреди на неговите одредби. Комисијата има седум членови со двегодишен мандат и носи мислења за повреди на Кодексот. Таа може да дава и препораки во областа на судирот на интереси, сомнежите за коруптивно однесување, превенцијата и едукацијата[10]. Кодексот предвидува и посебна комисија за прикриено рекламирање и недозволено пласирање производи и услуги.

Сепак, сегашната поставеност поголем акцент става на постапувањето по можна повреда отколку на навременото професионално советување. Дополнително, Кодексот ја поврзува повредата на неговите одредби со работните обврски. Иако Етичката комисија не изрекува дисциплински санкции, нејзините мислења можат да бидат релевантни за понатамошни постапки за утврдување работна одговорност. Поради тоа, нејзината етичка, советодавна и превентивна функција треба појасно да се разграничи од работните и дисциплинските постапки.

Анализата на МИМ за медиумската саморегулација од 2023 година дава важни сознанија за практичното функционирање на Комисијата. Според податоците добиени од нејзини претставници, од основањето до 2023 година биле поднесени вкупно осум претставки, од кои две од публиката и шест од претставници на колективот. Во периодот на истражувањето Комисијата работела со пет од предвидените седум членови, а како причина за непополнетите места била наведена недоволната заинтересираност меѓу вработените[11]. Анализата укажува на потребата од поголема видливост на механизмот, обуки, размена на искуства и зајакнување на професионалните и кадровските капацитети. Како пример од практиката е наведен и случај од 2019 година во кој Комисијата утврдила повреда на три одредби од Кодексот поради настап на вработен на социјална мрежа. Податокот дека до Комисијата биле доставени и две претставки од публиката е значаен бидејќи формалната постапка во Кодексот не ја предвидува публиката меѓу субјектите што можат да поднесат пријава. Ова укажува на разлика меѓу нормативната поставеност и практиката и дополнително ја потврдува потребата од појасно уредување на односот меѓу Етичката комисија и механизмот за реакции и поплаки од публиката, што подетално се разгледува во следниот дел.

Поновите сознанија покажуваат дека прашањето на транспарентноста останува актуелно. Регионалната анализа на NarativAI од 2025 година утврдува дека на веб - страницата на МРТ постои посебна секција за Етичката комисија и електронска адреса за контакт, но не и информации за нејзините процедури, одлуки или начинот на постапување по поплаки[12]. За периодот по 2023 година, во јавно достапните извори разгледани за оваа анализа не се

10 Македонска радио-телевизија. Етички кодекс на МРТ за новинарите, креативните кадри и за сите вработени во МРТ. 8 март 2017 година, членови 72–84.

11 Тунева, Марина; Никодиноска, Весна. Неопходно зајакнување на механизмите и унапредување на ефективноста: Медиумската саморегулација во Северна Македонија. Македонски институт за медиуми; Фондација „Медиацентар“, Сараево, Скопје, јули 2023 година.

12 Manasiev, Aleksandar. Transparency and AI Readiness of Western Balkan Public Broadcasters: A Regional Assessment. NarativAI – Center for Media Innovation in the Balkans, 2025.

идентификувани систематски објавени податоци за бројот и видот на предметите, донесените мислења и нивното понатамошно следење.

Интервјуата спроведени за оваа анализа, исто така, укажуваат на потребата од поактивна советодавна, превентивна и едукативна улога на Комисијата и поголема комуникација со јавноста. Соговорниците имаат различни гледишта за евентуалното вклучување надворешни стручни членови. Поради тоа, прашањето за составот треба да се разгледува откако појасно ќе се определат функциите и потребната експертиза на Комисијата.

При идното уредување треба јасно да се определат функциите и процедурите на Етичката комисија, да се разграничат од постапките за работна и дисциплинска одговорност и да се зајакнат нејзината советодавна улога, независност и транспарентност. Потребно е да се воспостави систематска евиденција за предметите и периодично да се објавуваат агрегирани податоци и релевантни анонимизирани мислења. Таквата практика би овозможила работата на Комисијата да придонесува не само кон утврдување можни повреди, туку и кон професионално советување, превенција и учење од практиката.

## 3.5 ПОПЛАКИ И ОТЧЕТНОСТ КОН ПУБЛИКАТА

Односот со публиката е важен дел од отчетноста на МРТ. Етичкиот кодекс предвидува постапка за пријавување повреда, но таа е поставена како внатрешен механизам. Според член 77, пријава може да поднесе работник на МРТ, надворешен соработник или тело на МРТ, но не и гледач, слушател или корисник на дигиталните содржини. Сепак, практиката покажува дека до Етичката комисија биле доставувани и претставки од публиката, што укажува на потребата начинот за обраќање да биде појасно уреден.

Пријавата за повреда на Кодексот и поплаката од публиката немаат иста функција. Реакцијата од публиката може да се однесува на неточна информација, потреба од исправка, приватност, несоодветен јазик или визуелно претставување, третман на одредена група или друго прашање поврзано со објавена содржина. Во такви случаи, примарната обврска на медиумот е да биде разгледана реакцијата и подносителот да добие јасен и образложен одговор.

МРТ веќе има институционална основа за ваква комуникација. Статутот од 2026[13] година му дава на Програмскиот совет улога во следењето на коментарите и укажувањата на публиката и предвидува можност забелешките и предлозите да се објавуваат заедно со одговорите на Советот. Од друга страна, интервјуто со претставниците на Програмскиот совет укажува дека Советот не треба да ја презема секоја оперативна функција поврзана со поплаките, туку да се подобрат функционирањето и видливоста на постоечките механизми.

Внатрешниот механизам на МРТ треба да се разликува и од надворешната регулаторна заштита. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги овозможува поднесу-

13 Македонска радио-телевизија. Статут на Јавно радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија - Скопје. Донесен на 33-та седница на Програмскиот совет, 5 март 2026 година.

вање претставки и обезбедува информации за правото на одговор и исправка[14]. Затоа, улогата на МРТ не е да ја дуплира регулаторната постапка, туку да обезбеди јасен и непосреден начин публиката најнапред да може да се обрати до самиот медиум.

Главниот недостаток е отсуството на доволно јасен, видлив и предвидлив пат за реакции и поплаки поврзани со програмските содржини и професионалните стандарди. Треба да постои лесно достапна точка за поднесување поплака, потврда дека таа е примена, јасно определување кој ја разгледува, разумен рок и образложен одговор. Треба да биде јасно и кога прашањето се решава на уредувачко ниво, кога се поврзува со исправка или корекција и кога бара разгледување од Етичката комисија или друг надлежен механизам.

Овој процес треба да биде достапен и разбирлив за публиката на различните јазични сервиси на МРТ. Не е неопходно однапред да се определува нов организациски модел или да се создава посебно тело. Приоритет е воспоставување едноставен, транспарентен и функционален процес што ќе ги поврзе комуникацијата со публиката, уредувачката одговорност, исправките и етичките механизми. Ваквиот пристап е во согласност и со европските принципи за отчетност на јавните медиумски сервиси[15], кои ја поврзуваат отчетноста со отвореност кон јавноста и достапност на релевантните политики и механизми за реакција.

## 3.6 ПРИМЕНА НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ ВО ДИГИТАЛНАТА СРЕДИНА

Медиумската средина значително се промени од донесувањето на Етичкиот кодекс во 2017 година. Дигиталното објавување, социјалните мрежи и употребата на вештачка интелигенција не ги менуваат основните професионални принципи, но создаваат нови ситуации во кои тие треба да се применуваат.

Кодексот веќе содржи стандарди што важат независно од платформата, меѓу кои точноста, проверката на информациите, непристрасноста, приватноста и професионалната одговорност. Сепак, нивната примена во дигиталната средина не е подетално разработена. Интернетот, главно, се третира како извор што бара проверка, додека социјалните мрежи и ВИ не се посебно уредени.

Поновата институционална и професионална рамка појасно ги препознава овие прашања. Статутот на МРТ од 2026 година ги опфаќа интернет - содржините, дигиталните и мултимедијалните сервиси и професионалниот развој во областа на дигиталните технологии и ВИ. Кодексот на новинарите на Македонија од 2026 година ги применува професионалните стандарди на сите форми на новинарско изразување и ја поврзува употребата на ВИ со транспарентност, човечка одговорност и заштита од манипулација.  Потребата од практична подготовка е препознаена и во МРТ, каде што во јули 2026 година новинари и медиумски работници учествувале на обука за новиот Кодекс и за дилемите поврзани со ВИ и дигиталното новинарство[16] .

14 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Граѓани - претставки, право на одговор и исправка и други механизми за обраќање

15 European Broadcasting Union. Governance Principles for Public Service Media. 2021.

16 Здружение на новинарите на Македонија. Јакнење на етичките стандарди во новинарството преку обука за новиот Кодекс на новинарите и снимателите од МРТ. 28 јули 2026 година.

Интервјуто со претставниците на Програмскиот совет дополнително ја нагласува потребата веб-страницата, YouTube и социјалните мрежи да се третираат како составен дел од медиумската понуда на МРТ и истите основни професионални стандарди да важат на сите платформи.

Европските насоки, исто така, покажуваат дека употребата на ВИ бара поширок пристап од едноставно означување на содржината. Одговорноста ги опфаќа изборот и примената на технологијата, проверката на содржината, управувањето со податоците, човечкиот надзор и транспарентноста кон публиката[17].

Оттука, идната етичка рамка не треба да воведува посебно правило за секоја нова технологија. Основните професионални стандарди треба јасно да важат на сите платформи, а прашањата што брзо се менуваат, како ВИ, социјалните мрежи и новите форми на дигитална продукција, да се разработуваат преку практични насоки што можат редовно да се ажурираат.

## 3.7. ПОВЕЌЕЈАЗИЧНОСТ, РЕДАКЦИСКА РАЗЛИЧНОСТ И ЗАЕДНИЧКИ ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Повеќејазичноста е суштински дел од јавната мисија на МРТ. Од аспект на етичката рамка, важно е не само програмата да биде достапна на различни јазици, туку и заедничките професионални стандарди да се разбираат и применуваат доследно во различните јазични и редакциски средини.

Основните принципи, како точноста, проверката, непристрасноста, правичноста, достоинството, недискриминацијата, независноста и одговорноста, треба да важат во сите програмски и јазични сервиси. Тоа не подразбира идентични содржини или уредувачки одлуки. Различните редакции работат во различни јазични, културни и општествени контексти и треба да имаат простор за професионално расудување.

Доследната примена на заедничките стандарди бара еднаков пристап до практични насоки, професионално советување, обуки и релевантни информации. Интервјуата укажуваат и на потребата од подобра професионална размена и редакциска координација, особено кај теми што засегаат повеќе заедници. Таквата координација не треба да ја ограничува уредувачката автономија, туку да овозможи размена на извори, искуства и перспективи и поусогласено разбирање на професионалните стандарди.

Овој пристап е во согласност со европските принципи за јавните медиумски сервиси. Европската радиодифузна унија ја препознава различноста како една од нивните основни вредности[18], а Советот на Европа ја нагласува нивната обврска да одговараат на потребите на различните групи во општеството и да придонесуваат кон плурализам и социјална кохезија[19].

---

17 Council of Europe, Steering Committee on Media and Information Society (CDMSI). Guidelines on the Responsible Implementation of Artificial Intelligence (AI) Systems in Journalism. 2023.

18 European Broadcasting Union. Empowering Society: A Declaration on the Core Values of Public Service Media. 2012.

19 Council of Europe, Committee of Ministers. Recommendation CM/Rec(2007)3 to Member States on the Remit of Public Service Media in the Information Society. 31 January 2007.

Оттука, повеќејазичната димензија на етичката рамка не треба да се сведе на формална еднаква важност или превод на Кодексот. Потребно е да се обезбедат заеднички професионални стандарди, еднаков пристап до механизмите за нивна примена и редовна професионална размена, со почитување на јазичните и уредувачките специфики на различните сервиси.

## 3.8 ИЗБОРНОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ КАКО ОБЛАСТ ЗА ПОСЕБНА ПРАКТИЧНА РАЗРАБОТКА

Изборното известување јасно ја покажува разликата меѓу трајните професионални стандарди и правилата што зависат од изборното законодавство, конкретниот изборен циклус и промените во политичката и медиумската комуникација.

Етичкиот кодекс од 2017 година во членовите 51 - 53 ги утврдува основните обврски за изборно известување, меѓу кои почитување на законската рамка и изборните правила на МРТ, рамноправен третман на политичките субјекти, непристрасност, коректност и неутралност. Кодексот предвидува и донесување посебни правила за известување за изборите[20]. МРТ и претходно има развиено посебна професионална рамка за оваа област преку Етичките и професионалните принципи на МРТ за медиумско покривање изборни процеси од 2016 година[21].

Овие професионални обврски имаат и законска основа. Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) го утврдува начелото на објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења[22]. Изборниот законик дополнително бара изборниот процес да се покрива правично, избалансирано и непристрасно и утврдува посебни правила за избалансирано покривање. За јавниот радиодифузен сервис се предвидени и посебни обврски за непристрасно информирање, рамноправен пристап во информативната програма и распределба на времето во согласност со принципите на избалансирано известување[23].

Сепак, подеталните правила за изборно известување не можат трајно да бидат фиксирани во основниот Етички кодекс. Тие зависат од законската и регулаторната рамка, конкретниот изборен циклус и промените во медиумската практика. На пример, Кодексот за однесување во онлајн - просторот за време на изборни процеси и референдуми[24] од 2023 година ги опфаќа интернет - изданијата на радиодифузерите, онлајн медиумите и социјалните мрежи и посветува внимание на интегритетот на информациите, дезинформациите и

20 Македонска радио-телевизија. Етички кодекс на МРТ за новинарите, креативните кадри и за сите вработени во МРТ. 8 март 2017 година, членови 51–53.

21 Македонска радио-телевизија. Етички и професионални принципи на МРТ за медиумско покривање изборни процеси. 2016 година.

22 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 47-а став 1 алинеја 9.

23 Изборен законик, редакциски пречистен текст, член 75 став 1, член 75-а ставови 1–2 и член 76-а ставови 1–3 и 5. Државна изборна комисија, 2025 година.

24 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; Здружение на новинарите на Македонија; Македонски институт за медиуми; Совет за етика во медиумите на Македонија; Институт за комуникациски студии; Фондација „Метаморфозис“. Кодекс за однесување во онлајн-просторот за време на изборни процеси и референдуми. Септември 2023 година.

транспарентноста на политичкото рекламирање. Актуелните регулаторни расправи[25] дополнително покажуваат дека прашања како дигиталната кампања, платеното политичко рекламирање и улогата на новите медиумски актери продолжуваат да се менуваат.

Сознанијата од интервјуата, исто така, укажуваат дека изборните насоки треба периодично да се преиспитуваат и ажурираат. Целта не е менување на основната етичка рамка пред секој изборен циклус, туку обезбедување актуелни практични правила што ќе им помогнат на редакциите доследно да ги применуваат истите професионални принципи.
Оттука, Етичкиот кодекс треба да ги задржи трајните принципи на независност, точност, непристрасност, правичност, интегритет и избегнување судир на интереси, додека подеталните правила за изборното известување пособдветно е да се разработуваат преку посебни изборни и редакциски насоки што можат редовно да се ажурираат.

# 4. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ЕТИЧКИТЕ И УРЕДУВАЧКИТЕ РАМКИ - РЕЛЕВАНТНИ РЕГИОНАЛНИ И ЕВРОПСКИ ИСКУСТВА

Компаративната анализа разгледува како избрани јавни медиумски сервиси ги претвораат професионалните вредности во применливи правила, како обезбедуваат поддршка при сложени уредувачки одлуки, како ја организираат отчетноста кон публиката и како ги приспособуваат своите рамки кон повеќејазичната и дигиталната средина.

Разгледаните системи се различни и не нудат единствен модел што треба да го преземе МРТ. Нивната вредност е во решенијата што покажуваат како различните функции на етичката рамка можат појасно да се организираат.

## 4.1. ПОСТАВЕНОСТ НА ЕТИЧКАТА РАМКА: ОД ВРЕДНОСТИ ДО ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА

Заедничка карактеристика на повеќе од разгледаните системи е разграничувањето меѓу основните професионални принципи и подеталните правила за нивна примена. Основните стандарди обезбедуваат стабилна професионална основа, додека практичните насоки помагаат во ситуации што бараат посложено расудување или почесто приспособување.

Таквата логика е видлива и во рамката на Европската радиодифузна унија, која ги поврзува основните вредности на јавните медиумски сервиси со принципи како независност, непристрасност, правичност, точност, различност и отчетност[26]. Кај BBC, Editorial Guidelines ги поставуваат основните професионални стандарди, а дополнителните упатства и механизмите за професионално советување ја поддржуваат нивната примена во посложени ситуации[27] .

25 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Одржана тркалезна маса за изборната рамка, ППР-то и влијанието на инфлуенсерите. 15 мај 2026 година.

26 European Broadcasting Union. Public Service Values, Editorial Principles and Guidelines

27 British Broadcasting Corporation. BBC Editorial Guidelines. Section 2 – How to Use the Guidelines.

Финскиот јавен сервис Yle применува јасно институционално разграничување. Ethical Guidelines for Content and Publishing се однесуваат на професионалната работа со содржините[28], додека Operating Principles ги уредуваат пошироките принципи на организациското однесување.[29] Овој пример покажува дека професионалната етика и организациските правила можат да бидат меѓусебно поврзани без да бидат регулирани во ист документ.

Регионалните искуства покажуваат дека прашањето е релевантно и во поблискиот медиумски контекст. Во Црна Гора, Етичкиот кодекс на вработените во RTCG од 2024 година[30] ги поврзува професионалните правила со работното однесување, но во јавната критичка оценка од 2026 година токму мешањето на етичките стандарди со работната и дисциплинската одговорност беше проблематизирано[31]. RTV Slovenija применува поинаков пристап. Нејзините програмски стандарди ја поставуваат пошироката вредносна и програмска основа[32], додека Етичкиот и професионален кодекс од 2026 година[33] функционира како попрактичен водич за новинарската и уредувачката работа и опфаќа и понови прашања како социјалните мрежи и ВИ.

RAI покажува дополнително разграничување на функциите. Корпоративниот етички кодекс го уредува интегритетот и организациското однесување[34], обврските поврзани со јавната мисија се разработени во Националниот договор за јавната услуга[35], а професионалната новинарска етика се темели и на националниот новинарски кодекс[36].

Компаративните примери не упатуваат на една задолжителна структура. Нивниот заеднички придонес е во појасното разграничување меѓу професионалните принципи, практичните уредувачки насоки и правилата што се однесуваат на организациското и работното однесување. За МРТ ова обезбедува релевантна основа за подготовка на пократок и појасно профилиран Етички кодекс, дополнет со практични насоки и поврзан со другите интерни акти според нивната функција.

28 Yle. *Yle's Ethical Guidelines for Content and Publishing*. Во сила од 15 август 2025 година.

29 Yle. Yle's Operating Principles.

30 Radio Televizija Crne Gore. Usvojen Etički kodeks zaposlenih u Javnom servisu. 15 април 2024 година.

31 Institut za medije Crne Gore; Sindikat medija Crne Gore. Revizija Etičkog kodeksa RTCG važna je za slobodu medija, profesionalnu autonomiju i javni interes. 1 мај 2026 година.

32 RTV Slovenija. Programski standardi Radiotelevizije Slovenija. 2024 година.

33 RTV Slovenija. Etični in poklicni kodeks RTV Slovenija – Smernice za odgovorno ravnanje in priročnik za pripravo kakovostnih programskih vsebin. 21 април 2026 година.

34 RAI – Radiotelevisione italiana S.p.A. Codice Etico del Gruppo RAI.

35 Ministero delle Imprese e del Made in Italy. Contratto nazionale di servizio RAI 2023–2028. Gazzetta Ufficiale, No. 121, 25 мај 2024 година.

36 Consiglio Nazionale dell'Ordine dei Giornalisti. Codice deontologico delle giornaliste e dei giornalisti. Во сила од 1 јуни 2025 година.

## 4.2 ОД ПРАВИЛА ДО ПРИМЕНА: ПРОФЕСИОНАЛНО СОВЕТУВАЊЕ И ОТЧЕТНОСТ КОН ПУБЛИКАТА

Ниту еден етички документ не може однапред да даде одговор за секоја професионална ситуација. Затоа, покрај јасните правила, важни се механизмите што им помагаат на новинарите и уредниците при сложени одлуки и механизмите преку кои публиката може да побара одговорност.

**Професионално советување и упатување**

Кај BBC, новинарите и уредниците можат да побараат совет од Editorial Policy, додека за определени чувствителни ситуации е предвидена задолжителна дополнителна консултација пред донесување одлука[37]. Вредноста на овој пристап е во тоа што однапред е појасно кога редакцијата одлучува самостојно, кога може да побара професионален совет и кога дополнителното упатување е задолжително.

Yle применува поинаков модел. Неговите етички насоки[38] изречно признаваат дека правилата не можат да дадат готов одговор за секоја ситуација, а конечната професионална одговорност ја задржуваат одговорните уредници.

Овие примери покажуваат дека професионалното расудување и јасните правила не се спротивставени. Практичната рамка може истовремено да ја зачува уредувачката одговорност и да обезбеди пристап до дополнителен совет кога етичката дилема е сложена или ризикот е поголем. За МРТ релевантна е токму оваа функција, а не нужно преземањето на конкретниот организациски модел.

**Отчетност кон публиката**

Различни решенија постојат и за реакциите и поплаките од публиката. Кај HRT, Повереникот за корисниците на услугите (посебен механизам за разгледување поплаки и предлози од публиката) ги разгледува поплаките и предлозите на гледачите, слушателите и другите корисници и периодично го известува Програмскиот совет за прашањата што произлегуваат од нив[39].

Кај SRG SSR, механизмите за поплаки се организирани според јазичната и регионалната структура, при што во секој јазичен регион функционира омбудсман за поплаки поврзани со програмите и другите медиумски услуги[40]. Овој пристап овозможува реакциите да се разгледуваат поблиску до јазичниот и редакцискиот контекст во кој е создадена содржината.

Во Србија, со законските измени од 2025 година е воведен Повереник за заштита на пра-

37 B ritish Broadcasting Corporation. BBC Editorial Guidelines. Section 2 – How to Use the Guidelines; Section 3 – Accuracy, Mandatory Referrals.

38 Yle. Yle's Ethical Guidelines for Content and Publishing.

39 Hrvatska radiotelevizija. Povjerenik za korisnike usluga HRT-a; Programsko vijeće HRT-a

40 SRG SSR. Statutes of SRG SSR, Article 4, paragraphs 3–4.

вата на слушателите, гледачите и читателите (функционално независен механизам за заштита на правата и интересите на публиката). Неговата функција е поврзана со разгледување поплаки и предлози, заштита на интересите на јавноста и унапредување на професионалните и програмските стандарди[41].

Овие примери не значат дека МРТ треба да воспостави омбудсман или ново тело. Нивната компаративна вредност е во функциите што ги обезбедуваат. Публиката треба лесно да може да утврди каде се поднесува реакција или поплака, кој ја разгледува, како се постапува и на кој начин се добива образложен одговор.

Оттука, професионалното советување и отчетноста кон публиката се различни, но меѓусебно поврзани функции на една применлива етичка рамка. Првата го поддржува професионалното одлучување пред или во текот на објавувањето, а втората обезбедува јасен и транспарентен однос со публиката по објавувањето на содржината.

## 4.3. ЗАЕДНИЧКИ СТАНДАРДИ ВО ПОВЕЌЕЈАЗИЧНА И ДИГИТАЛНА СРЕДИНА

**Повеќејазична средина**

Повеќејазичните јавни медиумски сервиси покажуваат дека заедничките професионални стандарди не бараат униформна редакциска практика или идентична организација на различните јазични сервиси.

SRG SSR создава содржини преку регионални единици во четири јазични региони[42]. Истовремено, неговата Content and Services Charter[43] воспоставува заедничка етичка и квалитативна рамка што важи за сите содржини и е обврзувачка на ниво на целата организација, додека регионалните единици ја дополнуваат со практични правила приспособени на сопствениот контекст. На тој начин се поврзуваат заедничките професионални стандарди со простор за регионални и редакциски специфики.

Кај Yle, јазичната разновидност е дел од јавната мисија и содржините се обезбедуваат на фински, шведски и повеќе малцински јазици[44]. Истовремено, Ethical Guidelines for Content and Publishing се обврзувачки за сите што учествуваат во создавањето, продукцијата и објавувањето содржини за Yle[45].

Овие примери се релевантни за МРТ не како организациски модели за директно преземање, туку како потврда дека заедничките професионални стандарди можат доследно да важат во различни јазични и редакциски средини, без да се ограничува нивната специфичност и професионална автономија. Таквата доследност зависи и од условите за при-

41 Република Србија. Закон о јавним медијским сервисима

42 SRG SSR. Organisation

43 SRG SSR. Content and Services Charter of SRG

44 Yle. Accessibility of Yle's Content and Services

45 Yle. Yle's Ethical Guidelines for Content and Publishing

мена на стандардите, вклучително еднаков пристап до практични насоки, професионално советување, обуки и можности за редакциска размена и учење.

**Дигитална средина и вештачка интелигенција**

Сличен пристап се забележува и кај дигиталните платформи и употребата на ВИ. Основните етички принципи остануваат стабилни, додека правилата за нивна примена во технолошки променлива средина треба да можат полесно да се приспособуваат и ажурираат. Yle во етичките насоки од 2025 година[46] вклучува правила за употребата на ВИ, при што човечката одговорност за конечната содржина останува непреносилива, а се бара и транспарентност кога ВИ има значајна улога во нејзиното создавање.

SRG SSR во уредувачките насоки од 2026 година[47], исто така, посветува посебно внимание на употребата на ВИ. Основните професионални стандарди остануваат применливи, додека правилата кои се однесуваат на технологијата се разработуваат на начин што овозможува нивно понатамошно приспособување.

Заедничкиот Кодекс за ВИ на ARD, ZDF, Deutschlandradio и Deutsche Welle од 2026 година[48] ја задржува човечката уредувачка одговорност, бара почитување на новинарските стандарди и транспарентност и ја нагласува потребата од професионална обука и развој на компетенции.

И актуелната домашна професионална рамка се движи во слична насока. Кодексот на новинарите на Македонија од 2026 година ги применува професионалните стандарди на сите форми на новинарско изразување и ја поврзува употребата на ВИ со човечка одговорност, транспарентност и заштита од манипулација.

Овие примери покажуваат дека интегрирањето на ВИ во професионалната рамка не бара постојано менување на основниот етички документ. За МРТ порелевантен е пристапот во кој основните стандарди јасно важат и во дигиталната средина, додека конкретните прашања поврзани со ВИ, социјалните мрежи и новите форми на продукција и дистрибуција се разработуваат преку практични насоки што можат редовно да се ажурираат.

46 Yle. Yle's Ethical Guidelines for Content and Publishing

47 SRG SSR. Editorial Guidelines – Dealing with Artificial Intelligence (AI) 2026 година.

48 ARD; ZDF; Deutschlandradio; Deutsche Welle. KI-Kodex – Standards im Umgang mit Künstlicher Intelligenz

# 5. КЛУЧНИ НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА

Вкупната анализа покажува дека унапредувањето на етичката рамка на МРТ не треба да се сведе на дополнување на постоечкиот Кодекс со нови теми или на измена на поединечни одредби. Наодите упатуваат на потреба од нов, пократок и појасно профилиран Етички кодекс што ќе ја зачува релевантната професионална основа на постоечкиот документ, но ќе ја разграничи професионалната етика од правилата што се однесуваат на работниот однос, организациското однесување и дисциплинската одговорност.

| | |
|---|---|
| **1. Професионалната етика и работната и дисциплинската одговорност не треба да останат обединети во ист Кодекс.** | Ова е централниот структурен наод на анализата. Постоечкиот Кодекс во ист документ ги поврзува професионалните и етичките стандарди за создавање, уредување и објавување содржини со правила за однесувањето на вработените, обврски што произлегуваат од работниот однос и прашања поврзани со дисциплинската одговорност. Иако овие области можат да бидат меѓусебно поврзани, тие имаат различна функција и различни последици и не треба да се регулираат во ист нормативен инструмент.<br><br>Новиот Етички кодекс треба да биде фокусиран на професионалните вредности, етичките принципи и основните стандарди релевантни за новинарското, уредувачкото и другото професионално учество во создавањето и објавувањето програмски содржини. Работните права и обврски, општите правила за однесување на работното место и дисциплинската одговорност треба јасно да се издвојат и да се уредуваат преку соодветните други интерни акти на МРТ. Таквото разграничување е важно и за Кодексот да се користи првенствено како професионална и етичка референца, а не како продолжение на дисциплинската рамка. |
| **2. Професионалната автономија треба да биде придружена со јасна заштита и постапка кога новинарот одбива налог спротивен на професионалните стандарди.** | Постоечкиот Кодекс содржи важни гаранции за уредувачката и професионалната автономија, вклучително и правото на новинарот да одбие налог што го смета за спротивен на Кодексот, професионалните стандарди или законот. Оваа гаранција треба да се зачува во новата рамка, но нејзината практична примена треба да биде појасна.<br><br>Потребно е да постои определен пат за професионално или етичко советување кога новинар и уредник различно ја оценуваат конкретната ситуација. Оправданото одбивање налог од професионални и етички причини не треба само по себе да создава негативни работни или дисциплински последици. На тој начин професионалната автономија ќе биде поддржана со функционална гаранција, а не само со декларативно право. |

| | |
|---|---|
| **3. Основните професионални стандарди треба да бидат стабилни, а нивната примена да се поддржува со практични насоки и професионално советување.** | Постоечкиот Кодекс содржи значаен дел од основните стандарди што треба да се зачуваат. Нивната практична применливост, сепак, не зависи од тоа Кодексот да предвиди правило за секоја можна ситуација. Потребни се практични насоки и пристап до професионално советување за области во кои новинарите и уредниците треба да одмерат различни права, интереси и професионални обврски.<br><br>За ваква разработка особено се погодни прашањата што бараат почесто приспособување, како изборното известување, исправките и дополнувањата, работата со чувствителни и доверливи извори, кризните ситуации, дигиталните платформи, социјалните мрежи и употребата на ВИ. На тој начин основниот Кодекс може да остане стабилен, а практичната рамка да се развива со промените во професионалната и технолошката средина. |
| **4. Етичката комисија треба појасно да се развива како професионален, советодавен, превентивен и транспарентен механизам.** | Постоечката рамка е поразвиена за постапување по можна повреда на Кодексот отколку за навремено професионално советување, превенција и учење од практиката. Анализата на досегашното функционирање на Комисијата дополнително покажува потреба од поголема видливост на нејзината работа, посилни капацитети и посистематска комуникација со редакциите и јавноста.<br><br>Треба појасно да се определат нејзините функции и процедури и да се разграничат од постапките за утврдување работна и дисциплинска одговорност. Потребни се и систематска евиденција на предметите, периодично објавување агрегирани податоци и, кога е соодветно, анонимизирани мислења што можат да служат како професионален ресурс. |
| **5. Реакциите и поплаките од публиката бараат јасен и лесно достапен процес, различен од внатрешното утврдување повреда на Кодексот.** | Постоечката рамка не воспоставува доволно јасен и видлив пат преку кој гледачите, слушателите и корисниците на дигиталните содржини можат да реагираат на програмска содржина или на прашање поврзано со професионалните стандарди. Истовремено, практиката покажува дека до Етичката комисија биле доставувани и претставки од публиката, иако Кодексот формално не ја предвидува публиката меѓу субјектите што можат да поднесат пријава.<br><br>Идната рамка треба појасно да ги разграничи внатрешната етичка постапка и системот за реакции и поплаки од публиката и функционално да ги поврзе кога тоа е потребно. За публиката треба да биде јасно каде се поднесува реакцијата, кој ја разгледува, во кој процес се решава и како се добива образложен одговор. Не е неопходно однапред да се создава ново тело, туку да се обезбеди јасна, видлива и функционална постапка. |

| | |
|---|---|
| **6. Заедничките професионални стандарди треба доследно да важат во сите јазични сервиси и на сите платформи, со еднаков пристап до условите за нивна примена.** | Повеќејазичноста не бара различни етички стандарди, ниту нивната доследна примена подразбира идентични уредувачки или организациски решенија. Основните професионални принципи треба да важат во целата организација, со почитување на јазичните, културните и редакциските специфики на различните сервиси.<br><br>За нивна доследна примена потребни се еднаков пристап до Кодексот и практичните насоки, професионално советување, обуки, усогласена професионална терминологија и можности за редакциска размена и учење. Истите основни стандарди треба да важат и на телевизија, радио, веб, социјални мрежи и други дигитални канали. Прашањата што зависат од брзи технолошки промени, особено употребата на ВИ, посоодветно е да се разработуваат преку практични насоки што можат редовно да се ажурираат. |

Збирно, наодите упатуваат на премин од еден широк документ што истовремено врши повеќе различни функции кон појасно поврзана етичка рамка. Нејзиното јадро треба да биде нов, пократок Етички кодекс фокусиран на професионалните вредности и стандарди, надополнет со практични насоки, функционални механизми за професионално советување и етичко постапување, јасен систем за реакции од публиката и други интерни акти за прашањата што не припаѓаат во професионалната етика.

# 6. ПРЕПОРАКИ

Препораките произлегуваат од интегрираните наоди од анализата на постоечкиот Кодекс, интервјуата, домашните професионални стандарди и компаративните искуства. Тие се поставени според нивното значење за идната етичка рамка на МРТ. Првата препорака е структурна и претставува основа за останатите.

| | |
|---|---|
| **1. Да се подготви нов, пократок Етички кодекс фокусиран на професионалната етика.** | Парцијалното менување и дополнување на постоечкиот Кодекс не е доволно за да се надминат утврдените структурни слабости. Потребно е да се подготви нов Етички кодекс со појасно определена функција, пократка структура и тежиште врз професионалните вредности и стандарди релевантни за создавањето, уредувањето и објавувањето содржини.<br><br>Новиот Кодекс не треба повторно да обединува две различни функции. Во него треба да бидат содржани професионалните и етичките стандарди, додека правилата за работните права и обврски, однесувањето на работното место, организациската дисциплина и постапките за утврдување работна и дисциплинска одговорност треба да се уредуваат со соодветни други интерни акти. На тој начин Кодексот ќе има јасна примарна функција како професионална и етичка референца за новинарите, уредниците и другите лица што учествуваат во создавањето и објавувањето програмски содржини. |

| | |
|---|---|
| | Пократката форма сама по себе не е цел, но е важна за Кодексот да биде разбирлив, лесно достапен и употреблив во секојдневната работа. Постоечкиот Кодекс на МРТ има 88 члена, додека Кодексот на новинарите на Македонија од 2026 година ги систематизира основните професионални стандарди во 18 члена. Во споредливите меѓународни рамки се среќаваат различни структури. На пример, Етичките насоки на Yle се организирани во 34 нумерирани професионални правила, додека актуелниот италијански национален новинарски кодекс содржи 40 члена. Бројот на членови не треба однапред да се утврдува како формална цел, но овие примери покажуваат дека суштинските професионални стандарди можат да бидат поставени во значително поконцизна основна рамка, надополнета со други инструменти кога е потребна подетална разработка. |
| **2.<br>Да се зачуваат и зајакнат гаранциите за уредувачка независност и професионална автономија.** | Новиот Кодекс треба да ги зачува постоечките гаранции за професионална и уредувачка автономија и појасно да го заштити правото на новинарот да одбие налог што е спротивен на професионалните и етичките стандарди или на законот. Ова право треба да биде придружено со јасна постапка. Треба да биде определено кому може да се обрати новинарот кога постои несогласување околу професионалната оправданост на налогот, како може да побара дополнително етичко или професионално мислење и како се разрешува спорната ситуација. Оправданото одбивање налог од професионални и етички причини не треба само по себе да доведува до негативни работни или дисциплински последици. Оваа гаранција е особено важна токму поради раздвојувањето на професионалната етика од работната дисциплина. Етичкиот механизам треба да го штити професионалното расудување, а не да функционира како продолжение на дисциплинската постапка. |
| **3.<br>Основниот Кодекс да се надополни со практични уредувачки насоки.** | Новиот Кодекс треба да ги содржи трајните професионални принципи, а прашањата што бараат подетално толкување или почесто приспособување да се разработуваат преку практични насоки. Приоритетно треба да се разгледа подготовка или ажурирање насоки за изборно известување, исправки и измени на објавени содржини, работа со доверливи и чувствителни извори, приватност и достоинство, известување во кризни и вонредни ситуации, комерцијални содржини, социјални мрежи, дигитално објавување и употреба на ВИ. Насоките треба да бидат лесно достапни, директно поврзани со Кодексот и да можат да се ажурираат без секоја професионална или технолошка промена да бара измена на основниот етички документ. |

| | |
|---|---|
| **4.**<br>**Да се редефинира улогата на Етичката комисија како професионален, советодавен, превентивен и транспарентен механизам.** | Функцијата на Етичката комисија треба јасно да се разграничи од постапките за утврдување работна и дисциплинска одговорност. Нејзината улога не треба да се сведува на оценување дали Кодексот е прекршен откако проблемот веќе настанал.<br><br>Комисијата треба да обезбедува можност за професионално и етичко советување, да придонесува кон превенција и едукација и да овозможува искуствата од конкретни случаи да се користат за подобрување на професионалната практика. Треба да биде јасно кој може да побара совет, во кои ситуации, како се постапува со барањето и каква е тежината на даденото мислење.<br><br>Нејзините надлежности, процедурите за работа, гаранциите за независност и односот со редакциите, раководството и јавноста треба подетално да се уредат со посебен интерен акт. Откако ќе се определат функциите, треба да се преиспитаат составот и потребната стручност на Комисијата, вклучително и можностите за користење надворешна експертиза кога тоа е потребно.<br><br>Работата на Комисијата треба да стане повидлива. Потребно е систематски да се евидентираат предметите и периодично да се објавуваат агрегирани податоци за бројот и видот на случаите, како и релевантни анонимизирани мислења кога тоа е можно. На тој начин Комисијата може да создава и практична база на професионално искуство, а не само да постапува по поединечни повреди. |
| **5.**<br>**Да се воспостави јасен и лесно достапен систем за реакции, поплаки и исправки.** | МРТ треба да воспостави препознатлив и едноставен пат преку кој гледачите, слушателите и корисниците на дигиталните содржини можат да реагираат на програмски содржини и на прашања поврзани со професионалните стандарди.<br><br>Постапката треба најмалку да обезбеди лесно видлива точка за поднесување реакција или поплака, потврда дека таа е примена, определување на одговорното уредувачко или етичко ниво, разумен рок за постапување и образложен одговор. Треба да биде јасно и кога реакцијата бара исправка или дополнување на содржината, кога се решава на уредувачко ниво и кога треба да биде упатена до Етичката комисија или друг надлежен механизам.<br><br>Не е неопходно однапред да се создава ново тело. Приоритет е функцијата да биде јасно поставена и достапна за публиката. Внатрешниот систем треба да ја надополнува, а не да ја дуплира регулаторната постапка и можноста за обраќање до АВМУ. |

| | |
|---|---|
| **6. Заедничките професионални стандарди да се применуваат доследно во сите јазични сервиси и на сите платформи.** | Новиот Кодекс треба јасно да утврди дека истите основни професионални стандарди важат во целата организација и во сите јазични, програмски и платформски средини на МРТ.<br><br>Доследноста не значи идентични содржини, редакциски одлуки или организациски решенија. Потребно е да се обезбедат еднакви услови за примена на заедничките стандарди, вклучително еднаков пристап до Кодексот и практичните насоки, професионално советување, обуки и други релевантни ресурси. Треба да се развива и усогласена професионална терминологија и редакциска размена за теми што засегаат повеќе јазични и програмски сервиси.<br><br>Истите професионални стандарди треба да важат на радио, телевизија, веб, социјални мрежи и други дигитални канали. Прашањата што зависат од брзи технолошки промени, особено употребата на ВИ, треба да се разработуваат преку практични насоки што можат редовно да се ажурираат. |
| **7. Усвојувањето на новиот Кодекс да биде придружено со систем за континуирана професионална поддршка и учење.** | Новиот Кодекс нема да ја постигне својата цел ако остане само формално усвоен документ. Неговата примена треба да биде поддржана со периодични обуки, разгледување конкретни етички случаи, кратки практични материјали, достапни интерни ресурси и можност за професионално советување.<br><br>Искуствата од работата на Етичката комисија, уредувачките дилеми, исправките и поплаките од публиката треба систематски да се користат за професионално учење и за ажурирање на практичните насоки. Така етичката рамка ќе има превентивна и развојна функција и ќе биде дел од секојдневното професионално одлучување, а не механизам што се активира само кога веќе настанал проблем. |

# 7. СЛЕДНА ИНСТИТУЦИОНАЛНА ФАЗА

Следната фаза треба да биде насочена кон подготовка и воведување на новата етичка рамка, а не само кон изработка на нов текст. Програмскиот совет на МРТ треба да го иницира процесот и да формира репрезентативна работна група со јасен мандат за подготовка на новиот Етички кодекс и за разработка на механизмите потребни за неговата практична примена.

Се предлага во работната група да бидат застапени новинари и уредници од телевизиските, радио, дигиталните и различните јазични сервиси, како и претставници релевантни за функционирањето на етичките механизми. Во зависност од прашањето, треба да се обезбедува и соодветна правна, професионална или друга стручна поддршка. Надворешните професионални и саморегулаторни организации можат да бидат вклучени во консултациите и проверката на предложените решенија.

Работната група треба да работи врз основа на јасно разграничување на функциите. Постоечките одредби најнапред треба да се разгледаат според тоа дали припаѓаат во новиот Етички кодекс, во практични уредувачки насоки или во други интерни акти. Паралелно треба да се разработат односот со Етичката комисија, професионалното советување, постапувањето по реакции и поплаки од публиката и примената на заедничките стандарди во различните јазични и платформски средини.

Процесот може да се организира во четири поврзани чекори.

1. **Подготовка на новиот Кодекс и мапирање на придружната рамка.**

   Работната група треба да утврди кои професионални вредности и стандарди го сочинуваат јадрото на новиот, пократок Кодекс, кои прашања бараат практични насоки и кои треба да се издвојат во други интерни акти. Во оваа фаза треба да се разработат и основните функции на Етичката комисија, професионалното советување и системот за реакции и поплаки од публиката.

.

2. **Изработка на нацртите и проверка преку практични случаи.**

   Кодексот и придружните механизми треба да се развиваат како поврзана целина. Пред финализирањето, предложените решенија треба да се проверуваат преку реални или реалистични етички и уредувачки ситуации. Тестирањето треба да опфати различни јазични сервиси, програмски формати и платформи и да покаже дали правилата се јасни, кој ја носи одговорноста и кога е потребно дополнително советување.

3. **Внатрешна и професионална консултација.**

   Нацрт - решенијата треба да бидат разгледани со новинари и уредници од различните делови на МРТ, Етичката комисија и другите релевантни структури. Во оваа фаза може да се вклучат и професионални и саморегулаторни организации и друга надворешна експертиза. Забелешките треба да се разгледуваат според тоа дали ја подобруваат јасноста, применливоста и доследноста на рамката.

4. **Усвојување, примена и периодично преиспитување.**

По усвојувањето, новата рамка треба да биде придружена со лесно достапни документи, практични ресурси, јасна комуникација и обуки за редакциите. Искуствата од работата на Етичката комисија, професионалните дилеми, исправките, поплаките од публиката и технолошките промени треба периодично да се користат за ажурирање на практичните насоки и, кога е навистина потребно, на самиот Кодекс.

Целта на процесот е МРТ да добие не само нов Етички кодекс, туку функционална професионална рамка што ќе се користи во секојдневното одлучување, ќе обезбедува поддршка при етички дилеми и ќе овозможува јасна отчетност кон публиката.

# ПРИЛОГ 1. СПРОВЕДЕНИ ИНТЕРВЈУА

Во рамките на анализата беа спроведени следните полуструктурирани интервјуа со претставници на МРТ и на пошироката професионална, саморегулаторна и експертска јавност.

1. Давор Пашоски, претседател на Програмскиот совет на МРТ, Билјана Бабиќ и Ивана Ефремовски, членки на Програмскиот совет на МРТ. Заедничко интервју спроведено на 24 август 2026 година.

2. Драган Секуловски, извршен директор на Здружението на новинарите на Македонија. Интервју спроведено на 17 август 2026 година.

3. Леунора Калиќи, в.д. одговорен уредник на Вториот програмски сервис на Македонската телевизија и претседателка на Управниот одбор на СЕММ. Интервју спроведено на 12 август 2026 година.

4. Снежана Трпевска, експертка за медиумски политики и јавни медиумски сервиси и претседателка на Институтот за истражување на општествениот развој - РЕСИС. Интервју спроведено на 10 август 2026 година.

5. Билјана Георгиевска Спасовска, извршна директорка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ). Интервју спроведено на 10 август 2026 година.

6. Снежана Димовска, в.д. одговорна уредничка на Првиот програмски сервис на Македонското радио. Интервју спроведено на 7 август 2026 година.

7. Себахат Нухиу, одговорна уредничка на Третиот програмски сервис на Македонското радио – Програма на албански јазик и членка на Етичката комисија на МРТ. Интервју спроведено на 4 август 2026 година.

# ИЗВОРИ И КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


### 1. Документи и институционални извори на МРТ

- Македонска радио-телевизија. Етички кодекс на МРТ за новинарите, креативните кадри и за сите вработени во МРТ
- Македонска радио-телевизија. Статут на Јавно радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија – Скопје
- Македонска радио-телевизија. Етички и професионални принципи на МРТ за медиумско покривање изборни процеси.
- Програмски совет на Македонската радио-телевизија. Записник од 31-та седница на Програмскиот совет на МРТ
- Програмски совет на Македонската радио-телевизија. Записник од 43-та седница на Програмскиот совет на МРТ

### 2. Домашни законски, регулаторни, професионални и истражувачки извори

- Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; Здружение на новинарите на Македонија; Македонски институт за медиуми; Совет за етика во медиумите на Македонија; Институт за комуникациски студии; Фондација „Метаморфозис“. Кодекс за однесување во онлајн-просторот за време на изборни процеси и референдуми
- Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
- Државна изборна комисија. Изборен законик
- Здружение на новинарите на Македонија; Кодекс на новинарите на Македонија
- Спировски, Милан; Тодоровска-Костовска, Верче. Северна Македонија - Индикатори за степенот на слободата на медиумите и Индекс на безбедноста на новинарите 2025 Здружение на новинарите на Македонија, Скопје, 2026 година.
- Тунева, Марина; Никодиноска, Весна. Неопходно зајакнување на механизмите и унапредување на ефективноста - Медиумската саморегулација во Северна Македонија Македонски институт за медиуми; Фондација „Медиацентар“, Сараево, Скопје, јули 2023 година.
- Kevin, Deirdre; Sekulovski, Dragan; Trpevska, Snezana. Review of the Legislative Framework of the Public Service Broadcaster MRT Regarding the Role, Remit, Independence and Funding with Reference to EU Acquis and European Media Standards and Practice. Pohl Consulting & Associates, July 2023. Материјал обезбеден за потребите на анализата.
- Manasiev, Aleksandar. Transparency and AI Readiness of Western Balkan Public Broadcasters - A Regional Assessment. NarativAI – Center for Media Innovation in the Balkans, 2025.

### 3. Европски и меѓународни стандарди

- Council of Europe, Committee of Ministers. Recommendation CM/Rec(2007)3 on the Remit of Public Service Media in the Information Society
- Council of Europe, Steering Committee on Media and Information Society. Guidelines on the Responsible Implementation of Artificial Intelligence Systems in Journalism
- European Broadcasting Union. Empowering Society – A Declaration on the Core Values of Public Service Media
- European Broadcasting Union. Governance Principles for Public Service Media
- European Broadcasting Union. Public Service Values, Editorial Principles and Guidelines
- International Federation of Journalists. Global Charter of Ethics for Journalists

**4. Компаративни извори од јавни медиумски сервиси и професионални рамки**


- ARD; ZDF; Deutschlandradio; Deutsche Welle. KI-Kodex – Standards im Umgang mit Künstlicher Intelligenz
- British Broadcasting Corporation. BBC Editorial Guidelines
- Consiglio Nazionale dell'Ordine dei Giornalisti. Codice deontologico delle giornaliste e dei giornalisti
- Hrvatska radiotelevizija. Povjerenik za korisnike usluga HRT-a и Programsko vijeće HRT-a
- Ministero delle Imprese e del Made in Italy. Contratto nazionale di servizio RAI 2023–2028
- RTV Slovenija. Programski standardi Radiotelevizije Slovenija
- RTV Slovenija. Etični in poklicni kodeks RTV Slovenija – Smernice za odgovorno ravnanje in priročnik za pripravo kakovostnih programskih vsebin
- RAI – Radiotelevisione italiana S.p.A. Codice Etico del Gruppo RAI
- Radio Televizija Crne Gore. Usvojen Etički kodeks zaposlenih u Javnom servisu
- SRG SSR. Content and Services Charter of SRG
- SRG SSR. Statutes of SRG SSR
- SRG SSR. Organisation
- SRG SSR. Editorial Guidelines – Dealing with Artificial Intelligence (AI)
- Yle. Yle's Ethical Guidelines for Content and Publishing
- Yle. Yle's Operating Principles
- Yle. Accessibility of Yle's Content and Services
- Република Србија. Закон о јавним медијским сервисима